До
Градоначалниците на сите општини во Република Македонија

**ПРЕДМЕТ: Барање за доставување податоци за исплата на надомест на штета предизвикана од каснување од бездомни кучиња**

Почитувани,

, постапувајќи согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Ви се обраќа со барање за доставување информации кои се од значење за изработка на национална Стратегија за справување со проблемот со бездомни кучиња.

Имено, за потребите на анализа на финансиските импликации од проблемот со бездомните кучиња, Ве молиме да ни доставите податоци за вкупниот износ на исплатени парични средства од страна на Вашата општина по основ на обештетување на граѓани за штета настаната од каснување од куче (бездомни кучиња) за 2024 и 2025 година.

Бараните информации, доколку е возможно, да бидат доставени во електронска форма на следната е-пошта:

Напоменуваме дека бараните податоци ќе бидат користени исклучиво за изработка на стратешки документ со цел подобрување на системот за управување со популацијата на бездомни кучиња и заштита на јавниот интерес.

Согласно законските одредби, очекуваме Ваш одговор во законски утврдениот рок.

Ви благодариме однапред за соработката.

Со почит,

Во Скопје, 17.04.2026 год

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 24-592/2
30.04 2026 год.
ПРОБИШТИП

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија"бр.101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот поднесено на ден **22.04.2026 година**, imателот на информацијата **Општина Пробиштип** го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од , наш бр. 24-592/1 од 22.04.2026 година, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер:

1. За потребите на анализа на финансиските импликации од проблемот со бездомните кучиња, Ве молиме да ни доставите податоци за вкупниот износ на исплатени парични средства од страна на Вашата општина по основ на обештетување на граѓани за штета настаната од каснување од куче (бездомни кучиња) за 2024 и 2025 година.

СЕ УВАЖУВА

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

1. Вкупниот износ на исплатени парични средства од страна на општината по основ на обештетување на граѓани за штета настаната од каснување од куче (бездомни кучиња) за 2024 година е 22.000 денари.

   За 2025 година исплатата изнесува 90.111 денари.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Пробиштип на ден 30.04.2026 година, под бр.24-592/2**

По овластување на Градоначалникот на Општина Пробиштип

Службено лице за посредување со информации од јавен карактер

Изготвил: Дијана Моневска______________________________

Контролирал: Марија Митева____________________________

Одобрил: Јованка Данева ______________________________

Градоначалник на Општина Пробиштип

Тони Тоневски

____________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 24-592/3
30.04 2026 год.
ПРОБИШТИП

**ПРОПРАТНО ПИСМО ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ОДГОВОР ПО БАРАЊЕ**

Датум:**30.04.2026 година**

**ДО:**

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации **Општина Пробиштип**

**ВРСКА:** 24-592 /1 од 17.04.2026 година

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог ви се доставува Решение по бараната информација.

Со почит,

Дијана Моневска, службено лице